# ФИНКИ live chat 04 – ЧПП

*петок, 12.08.2011, 12:00 – 13:00*

**Ѓорѓи Атанасовски**: До кога може да се пополни електронската пријава, може ли во понеделник (15.08.2011)?

**ФИНКИ**: Да, може. Единствено е стриктен рокот за доставување на документите во печатена и потпишана форма до ФИНКИ – вторник и среда (16-ти и 17-ти), од 09:00 – 15:00 часот.

**Aleksandar Makedonski**: Zdravo, dali po prefrluvanjeto od FEIT na FINKI, dokolku zapisham na primer predmet izboren na bilo koj drug fakultet, na primer Praven, tie krediti dali ke vlezat vo vkupnite 240 za diplomiranje i kako bi se sredilo toa i dali vazi EKTS vo ovoj slucaj?

**ФИНКИ**: Студиите на ФИНКИ се според ЕКТС системот, што значи дека имате право на избор на определен број предмети од други факултети, согласно ЕКТС.

**Ѓорѓи Атанасовски**: Дали во летниот период ќе има пракса за работа во некоја фирма обезбедена од страна на Факултетот или праксата ќе биде само во лаборатории?

**ФИНКИ**: ФИНКИ соработува со повеќето ИТ компании во Македонија и ќе помага во обезбедувањето пракси кај нив за своите студенти. Праксите на наши студенти кај ИТ компаниите со кои соработуваме започнаа уште од ова лето.

**Aleksandra Gavrilovska**: Што се случува со постдипломците од ПМФ кои имаат останато уште магистерска тема? Дали треба да се презапишат на ФИНКИ или можат да магистрираат на ПМФ (и до кога)?

**ФИНКИ**: Како и сите останати студенти и студентите на магистерските студии ќе можат да изберат каде сакаат да ги продолжат / завршат студиите.